# За прв пат пресадено цело лице



БАРСЕЛОНА / 23.04.10 / 09:33

Шпанските лекари во март извршиле трансплантација на целото лице на еден пациент, кој од вчера почна да комуницира, соопшија надлежните од болницата во Барселона, каде што е извршена операцијата.

Младиот пациент чиј што идентитет не се открива, имал деформација на лицето пет години, не можел нормално да дише, голта и збори.

Докторите наведуваат дека ова е прва целосна трансплантација на лице во светот. Претходните 11, колку што биле изведени во светот, се изведени на одредени делови на лицето.

Операцијата траела 22 часа, а ја изведувале 30 хирурзи. /крај/еР/мс